**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр. 08-102**
**09.03.2017 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20 став 1 алинеја 6, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), а согласно член 10 став 5 и член 39 став 1 алинеја 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година и Изјавата од управителот и основачот/сопственик на Трговското радиодифузно друштво ТОПЕСТРАДА ДООЕЛ Тетово дадена и заверена на нотар на 03.03.2017 година (УЗП бр.1580/2017 од 03.03.2017 година), а согласно член 10 став 5 и член 39 став 1 алинеја 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година и Овластувањето бр.03-917/1 од 20.02.2017 година, овластеното лице од страна на Директорот на Агенцијата го донесе следното:

**Решение**
**за бришење од регистарот на радиодифузери**

1. СЕ БРИШЕ од регистарот на радиодифузери, Трговското радиодифузно друштво ТОПЕСТРАДА ДООЕЛ Тетово.

2. Ова решение влегува во сила веднаш.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 85 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, дозволата за телевизиско или за радио емитување престанува да важи по сила на закон, со писмена изјава на имателот со која ја известува Агенцијата дека престанува со емитување на телевизиска програма, а согласно став 2 од истиот член за престанок на важноста на дозволата по сила на закон Советот не носи одлука и Агенцијата ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери доколку дозволата престанала да важи согласно член 85 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Трговското радиодифузно друштво ТОПЕСТРАДА ДООЕЛ Тетово, е имател на дозвола за телевизиско емитување, бр.08-153 од 15.03.2016 година со важност од 9 години (од 5 февруари 2016 година до 4 февруари 2025 година), за емитување преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс, на локално ниво, за Општина Тетово, Општина Теарце, Општина Јегуновце, Општина Желино и Општина Брвеница.

До Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 03.03.2017 година, Трговското радиодифузно друштво ТОПЕСТРАДА ДООЕЛ Тетово, поднесе Барање за доделување дозвола без објавување на јавен конкурс, бр.08-102 од 03.03.2017 година, со дополнување на барањето, бр.08-102 од 07.03.2017 година, за телевизиско емитување на програмски сервис од специјализиран формат, кој има забавна функција, на албански јазик, на регионално ниво - подрачје на емитување, радиодифузен регион Д8 - Попова Шапка (Општина Тетово, Општина Гостивар, Општина Боговиње, Општина Брвеница, Општина Врапчиште, Општина Желино,

Општина Јегуновце и Општина Теарце), кој ќе се емитува преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс.

Во прилог на погоренаведеното Барање, беше доставена и Изјава од управителот и основачот/сопственик на Трговското радиодифузно друштво ТОПЕСТРАДА ДООЕЛ Тетово – Јашар Сејдија од с.Голема Речица Тетово, дадена и заверена на нотар на 03.03.2017 година (УЗП бр.1580/2017 од 03.03.2017 година), во која изјавува дека по добиена нова дозвола за телевизиско емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс на регионално ниво, ќе се откаже од постојната дозвола, бр.08-153 од 15.03.2016 година издадена од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Со оглед на дадената Изјава од управителот и основачот/сопственик на Трговското радиодифузно друштво ТОПЕСТРАДА ДООЕЛ Тетово – Јашар Сејдија од с.Голема Речица Тетово, дадена и заверена на нотар на 03.03.2017 година (УЗП бр.1580/2017 од 03.03.2017 година), а имајќи предвид дека Советот на Агенцијата на 12-та седница одржана на 08.03.2017 година, донесе Одлука УП1 бр.08-102 од 08.03.2017 година со која на Трговското радиодифузно друштво ТОПЕСТРАДА ДООЕЛ Тетово, му додели дозвола за телевизиско емитување на програмски сервис од специјализиран формат, кој има забавна функција, на албански јазик, на регионално ниво – подрачје на емитување, радиодифузен регион Д8 - Попова Шапка (Општина Тетово, Општина Гостивар, Општина Боговиње, Општина Брвеница, Општина Врапчиште, Општина Желино, Општина Јегуновце и Општина Теарце), која ќе се емитува преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс, дозволата бр.08-153 од 15.03.2016 година, согласно член 85 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), престана да важи по сила на закон.

Следствено на наведеното, а имајќи го предвид членот 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, исполнети се законските услови за бришење на радиодифузерот Трговското радиодифузно друштво ТОПЕСТРАДА ДООЕЛ Тетово од регистарот на радиодифузери, како имател на дозвола за телевизиско емитување на програмски сервис преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс, на локално ниво.

Врз основа на член 20 став 1 алинеја 6, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14,101/14, 132/14 и 142/16), Изјавата од управителот и основачот/сопственик на Трговското радиодифузно друштво ТОПЕСТРАДА ДООЕЛ Тетово дадена и заверена на нотар на 03.03.2017 година (УЗП бр.1580/2017 од 03.03.2017 година), а согласно член 10 став 5 и член 39 став 1 алинеја 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**по овластување на Директор,**

**м-р Драгица ЉУБЕВСКА**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи - Архива;
- Секторот за правни и економско – финансиски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот Уп 1;
- Трговското радиодифузно друштво ТОПЕСТРАДА ДООЕЛ Тетово; и
- Агенцијата за електронски комуникации.